Машински факултет
Број 02-2334/3
15.09.2014 год.
Скопје

Врз основа на член 50 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Одлуката за утврдување потреба за ангажирање на студенти-помошници и уредување на постапката за избор број 02-2334/1, како и во согласност со Одлуката за утврдување на број на студенти-помошници и на висината на месечниот надоместок број 02-2334/2, донесени на седницата на Деканатската управа одржана на 02.09.2014 година, Деканот на Факултетот на 15.09.2014 година, распишува интерен

**О Г Л А С**

за избор на студенти-помошници на Машински факултет во Скопје

1. Се распишува оглас за избор на студенти-помошници кои ќе се ангажираат на Институтите/Одделот на Машинскиот факултет во Скопје за давање помош при реализирање на наставно-образовниот процес во зимскиот семестар во учебната 2014/2015 година, и тоа:

**А. Во Институт за механика, вкупно 8 помошници по предметите:**

| | |
|---|---|
| А.1.Статика | 3 помошници |
| А.2. Техничка механика 1 | 1 помошник |
| А.3. Кинематика и динамика | 3 помошници |
| А.4. Мехатронички системи и Мерење и процесирање на сигнали | 1 помошник |

**Б. Во Институт за ЗЗК, вкупно 5 помошници по предметите:**

| | |
|---|---|
| Б.1. Машински материјали 1 и Материјали, технологии и испитување | 3 помошници |
| Б.2. Техники на спојување | 1 помошник |
| Б.3. Конструкции и спојување | 1 помошник |

**В/** Во **Институтот за производно инженерство и менаџмент**, **вкупно 3 помошници по предметите:**

| | |
|---|---|
| В.1. Производни технологии | 1 помошник |
| В.2. Производни системи | 1 помошник |
| В.3.Компјутерски дизајн и анимации | 1 помошник |

**Г/ Во Институтот за МКММВ, вкупно 8 помошници по предметите:**

| | |
|---|---|
| Г.1. Производи од пластика | 1 помошник |
| Г.2. Инженерска графика | 4 помошници |
| Г.3. Машински елементи | 2 помошници |
| Г.4. Развој на нови производи | 1 помошник |

**Д/ Во Институт за ХИА, вкупно 3 помошника по предметите:**

| | |
|---|---|
| Д.1. Хидраулички машини | 1 помошник |
| Д.2. Системи и управување | 2 помошници |

**Ѓ/ Во Институтот за ТИ, вкупно 1 помошник по предметот:**

| | |
|---|---|
| Ѓ.1. Неконвенционални извори на енергија | 1 помошник |

**Е/ Во Одделот за математика и информатика вкупно 4 помошници по предметите:**

| | |
|---|---|
| Е.1.Математика 1, Веројатност и статистика, Линеарна Алгебра и Математичка анализа | 3 помошници |
| Е.2. Инженерска математика и Компјутери и апликативен софтвер, | 1 помошник |

2. **Кандидатите за студенти-помошници треба да ги исполнуваат следниве услови:**

- да се студенти на прв циклус четиригодишни или тригодишни студии со завршена, односно ликвидирана студиска година во која се слуша наставниот предмет, односно предметите од областа за која се пријавува или да се студенти на втор или трет циклус студии, или да пријавиле изработка на докторска дисертација на Факултетот;
- да има постигнат вкупен просечен успех од најмалку 8,00 од предметите положени во текот на студирањето, за кандидати студенти на прв циклус студии;
- оценката по наставниот предмет да биде најмалку 8,00, за кандидати студенти на прв циклус студии;
- студентот да има континуитет во запишувањето на студиските години, за кандидати студенти на прв циклус студии.

3. Студентот-помошник во вршење на наставнообразовниот процес на Факултетот ќе учествува со **максимална ангажираност од 4 часови седмично**.

4. **Документи за пријавување:**

- пријава на оглас, (во пријавата задолжително да се наведе домашна адреса и број на телефон за контакт и e-mail );
- уверение за положени испити и потврда за предвидени и положени испити за студенти запишани на прв циклус студии;
- уверение за запишан втор циклус студии,
- потврда (одлука од наставно-научниот совет на МФС) за прифатена тема за изработка на докторска дисертација,
- фотокопија од лична карта и од трансакциска сметка.

**Документите се предаваат во архивата на Факултетот.**

5. **Огласот трае до 25 септември 2014 година.**

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје * Република Македонија * МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ *